**Известување за концентрација со којаАтлантик Гранд доо Белград, Србија ќе стекне контрола над Штраус Адриатик д.о.о. Шимановци, Србија (предмет бр. 08-81/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 12.06.2023 година,а дополнето на 14.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Атлантик Гранд доо Белград (Atlantic Grand doo Beograd),** со регистрирано седиште на 6а Сурчинска, Нов Белград – Белград, *има намера да стекне единствена контрола над***Штраус Адриатик д.о.о. Шимановци (Strauss Adriatic doo Šimanovci),** со регистрирано седипте на 41 Милоша Обилича, Шимановци, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Атлантик Гранд** е активно во секторот на производство на голема палета на производи од кафе, од кои најпознати брендови се Гранд (Grand) (Grand kafa Gold, Grand Aroma, Grand DeLuxe и Grand Strong) и Bonito во сегментот на домашно мелено кафе, и InstaGrand инстант кафе производ.

Атлантик Гранд има едно регистрирано поврзано друштво во Северна Македонија – Друштво за производство, трговија и услуги АТЛАНТИЦ ГРАНД ДООЕЛ импорт – експорт Скопје,со регистрирано седиштена ул, Шар Планина бр,6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија. Со регистрираната приоритетна дејност– продажба на големо на кафе, чај, какао и зачини. Атлантиц Гранд Скопје е активно во производство на голем ланец на производи од кафе, од кои најпознати брендови се Grand kafa Gold, Grand Aroma, Grand DeLuxe , Minas , C kafa и Grand Strong.

Дополнително, Атлантик Гранд има едно поврзано друштво регистрирано во Северна Македонија – Друштво за промет и услуги АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден со регистрирано седиште на ул. 35 бр.33 Илинден, Северна Македонија, со регистрираната приоритетна дејност – продажба на големо на кафе, чај, какао и зачини.

**Штраус Адриатик** е активно во деловниот секторот на производство и продажба на широк спектар на производи од кафе.Штраус Адриатик ги произведува популарните брендови на кафе C kafaиDoncafe. Освен домашно кафе, Штраус Адриатик исто така произведува филтер кафе и еспресо, инстант кафе, како и пијалокот 3 sec 2 1 Blackкапсули за еспресо кафе.

Штраус Адриатик нема регистрирано зависни друштва во Северна Македонија

Подносителот смета дека како релевантниот пазар на производи за целите на оценка на предметната концентрација миоже да се дефинира пазарот за производство и продажба на големо на производ од кафе на територијата на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.06.2023 година
Скопје